Првото Генерално собрание на GS1 Македонија, на коешто членките ги официјализираа статусните промени и основањето на правниот субјект GS1 Македонија, се одржа на 21.12. 2009 година.



-Горд сум што во мојот мандатен период GS1 Македонија имаше континуиран подем и прерасна во респектабилен субјект и деловен партнер на македонската бизнис-заедница. Со своите иновативни проекти, како, на пример, "Македонскиот систем на цертифицирана акредитација" стана препознатлива и почитувана и во Меѓународната GS1 организација и регионалната GS1 in Europe. Трансформирањето на GS1 Македонија во самостоен правен субјект е извршено со цел неопходното усогласување со Статутот и актите на Меѓународната GS1 организација и работењето на сите национални GS1 организации во Европа и во светот, при тоа запазувајќи ги сите пропишани процедури, - истакна на почетокот на Собранието досегашниот претседател на GS1 Македонија, Бранко Азески. - Загарантиран е континуитет во работењето и неизменети се меѓусебните права и обврски со членките на GS1 Македонија и сегашните и идни корисници на GS1 системот на стандарди за автоматска идентификација на производите и услугите.



Стопанската комора на Македонија беше добар домаќин и, според Бранко Азески, горда е што во нејзини рамки функционираше GS1 Македонија изминативе 15 години. Соработката меѓу Стопанската

комора на Македонија и GS1 Македонија ќе продолжи на највисоко ниво, со цел обезбедување поквалитетни услуги на македонските компании, поддршка во зголемувањето на конкурентноста, полесен пристап до светските пазари и ублажување на последиците од глобалната криза.



Програмските активности за 2010 година низ видеопрезентација ги образложи директорот на GS1 Македонија, Слаѓана Милутиновиќ. Таа истакна дека во наредниот период GS1 Македонија има амбициозни планови за развој на системот преку доближивање на услугите до своите членки и помош на македонските компании во нивното приспособување и прилагодување кон европските стандарди. Планирана е поголема афирмација, презентација и промоција на GS1 Македонија, организирање семинари и обуки за членките на GS1 Македонија, подготовка, изработка и издавање на низа мали брошури и стручни публикации од областа на системот, усогласување на веб-сајтот на GS1 Македонија според дизајн стандардите на GS1 системот. Основно за развојот на системот е обезбедување квалитетна база на податоци, па затоа во програмските активности најзначајно место зазема преработката на софтверот за менаџмент на постојната банка на податоци, развој на нови софтверски модули според новонастанатите потреби, концептуална разработка на систем на електронско зачленување, комуникација и давање услуги, ажурирање на сите контакти и други информации за фирмите-членки, со што ќе се овозможи и продолжување на GEPIR-проектот.



**Симон Наумоски**



**Коста Ташков**

За претседател на Собранието на GS1 Македонија е избран Симон Наумоски, генерален директор на „Витаминка“ АД - Прилеп, за заменик-претседател на Собранието е избран Коста Ташков, заменик-директор на „Брилијант“ ДООЕЛ - Штип. Претседателот на Собранието е и претседател на Управниот одбор.

Избрани беа и уште 6 члена на Управниот одбор на GS1 Македонија: проф. д-р Михаил Гаревски, директор на УКИМ ИЗИИС -Скопје; Никола Димовски, помошник-директор за информатика во „Алкалоид“АД-Скопје; Соња Тасевска, управител на „Мако Маркет“ДОО-Скопје; Жарко Трпковски, директор за информатика во „Тетекс“АД -Тетово; Љупчо Зиков, управител на „Капитал Медиа Гроуп“ДОО-Скопје и Благој Христов, виш менаџер за регулатива во „Македонски Телеком“АД-Скопје.

Изготвила Слаѓана Милутиновиќ